Предметни програми со информации согласно со членот 4 од Правилникот за содржина на студиските програми ("Службен весник на Република Македонија", бр.79/2023)

Ред.број:47

Прилог бр.3		Предметна програма од прв циклус на студии			
1.	Наслов на наставниот предмет	МЕНАЏМЕНТ НА ФАРМИ			
2.	Код	ФЗНХ 72			
3.	Студиска програма	Дигитално земјоделство			
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	Факултет за земјоделски науки и храна-Скопје			
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	Прв циклус студии			
6.	Академска година / семестар	Година	Четврта година	семестар	VII семестар
7	Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити	6 ЕКТС			
8.	Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник)	Проф. д-р Александра Мартиновска Стојческа			
9.	Јазик на кој се изведува наставата	Македонски			
10.	Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот	Нема			
11.	Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето:	<u>Цели на програмата (компетенции):</u> Студентите ќе се стекнат со знаење за економските концепти поврзани со основањето, управувањето и раководењето на земјоделските стопанства. Студентите ќе се здобијат со вештини за организирање на средствата за производство, за нормирање на трудот и за организацијата на производството на земјоделските стопанства. Понатаму, студентите ќе добијат основни вештини за планирање и буџетирање на ниво на земјоделско стопанство, изработка на калкулации на ниво на линија на производство, но и структура на целата фарма. Студентите ќе покажат способност да користат аналитички методи и ќе се здобијат со вештини за решавање проблеми во делот на менаџмент на фармите. Особено внимание ќе биде посветено на запознавање и поттикнување на употребата на дигитални алатки во процесот на менаџмент на фарма. Преку соодветни проектни групни и индивидуални задачи, покрај теориската основа и развивање на стручните компетенции, студентите ќе ги развиваат и меките вештини (организација, тимска работа, решавање на проблеми, критичко размислување, раководење со времето, лидерство и сл.). <u>Резултати од учењето:</u> • Студентот ќе покаже основно ниво на разбирање на економската теорија потребна за успешно менаџирање на земјоделските стопанства и други поврзани перспективи во професионалниот развој. • Студентот ќе покаже способност да користи аналитички методи (математички и графички), потпомогнати со дигитални алатки, поврзани со менаџментот на			

		земјоделските стопанства и општо во агробизнисот. • Студентот ќе покаже вештини за решавање проблеми. Студентот ќе покаже ефективни комуникациски вештини. • Студентот ќе покаже лидерски и други вештини за меѓучовечка комуникација потребни за успеҙ во кариерата и напредување.
12.	Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје	1. Вовед и предмет на изучување на менаҙментот на фарми – фармерот како менаҙер; управување со фармата сега и во иднина; управување со фармата во услови на интегрирана светска економија, управување и донесување одлуки; однос помеѓу менаҙментот и менливите околности; видови менаҙерски одлуки, донесување одлуки, функции на управување; пристапи и методи на анализа кои се користат во управувањето со фармите; извори и потребни информации кои се користат во менаҙментот на фарми и донесувањето на одлуки. Резултати од учењето: Студентот ќе ја разбере улогата на менаҙментот во земјоделството и функциите како менаҙер. 2. Основни концепти во организацијата и управувањето на фармите - концепти на земјоделско производство, типови на производство; типови на фарми; реони и реонирање; специјализација и интензификација; избор на локација; избор на производна структура; организација на стопански двор; организација на ресурсите на фармата – упраување со земјиштето, управување со човечките ресурси, управување со земјоделската механизација, традиционални наспроти современи методи и техники (акцент на зелената и дигиталната трансформација). Резултати од учењето: Студентот ќе се запознае со основните термини, принципи и методи на организацијата и управувањето во земјоделското прооизводство. 3. Примена на економските принципи - производна функција и маргинална анализа; закон на опаѓачки приноси и максимизирање на профитот; избор на нивоа на производство; избор на влезни и излезни комбинации; концепти за трошоци, функција на трошоците, дуалност и донесување одлуки. Резултати од учењето: Студентот ќе добие основно ниво на разбирање на економската теорија потребна за успешно менаҙирање на земјоделските стопанства и други перспективи поврзани за професионалниот развој. 4. Концепт на цена на чинење и калкулации - принципи на опортунитетен трошок и еквимаргинални приноси; концепти за трошоци на производство - дефиниција, пресметување и примена. Економија на обем и економија на големина. Компаративна предност. Калкулации на цена на чинењето по линии на производство. Парцијални калкулации. Планирање на целата фарма. Збирна калкулација – приходи и расходи на цело стопанство. Резултати од учењето: Студентот ќе се запознае со концептите на трошоците и приходите во земјоделското производство и употребата на калкулациите на ниво на линија на производство или цело стопанствно. 5. Подобрување на вештините за управување - управување со операциите на фармата (потпомогнати со дигитални алатки); организација на работните процеси; анализа на линиите на прозводство; анализа на целата фарма; мерење на перформансите, анализа на клучните показатели на успехот; анализа на инвестиции; управување со ризик и несигурност - надминување на ризикот и неизвесноста на производството на фармите (извори на ризик и несигурност, однос кон ризикот, донесување на одлуки, алатки за справување со ризикот); организација и трансфер на фармата. Резултати од учењето: Студентот ќе се здобие со познавања и вештини за успешно управување со операциите на земјоделските стопанства, применливи и општо во агробизнисот. Практичен дел на предметот: Оценување на степенот на специјализацијата и интензификацијата на производството. Земјоделско реонирање на РСМ. Распоред на полињата во плодоредот. Определување потребна механизација. Определување потребен број на работници. Земјоделско-стопански проект. Пример за лош и добар стопански двор. Калкулцаии и пресметка на цена на чинење. Годишен производно-финансиски план. Оперативен план. План за извршување на работните процеси. Утврдување на норма време и работен ефект. Рационална организација на основните работни процеси во земјоделското производство. Најмалку едно предавање ќе се реализира преку теренска настава на студентите со посета на земјоделско стопанство и увид во менаҙментот на земјоделското стопанство, односно со учество на гости-предавачи на часовите.
13	Заемна поврзаност на предметите	Предметот Менаҙмент на фарми има значење и поврзаност со предмети во кои се изучуваат основните принципи и технологии во земјоделското производство, како и предметите од областа на агроекономиката (на пример, агроменаҙмент, развој на хумани ресурси, агропретприемништво и иновации и сл.).

14.	Детален опис на наставните и работните методи за предметот	Наставата ќе се реализира со теоретски предавања, поддржани со Power Point и видео презентации, ќе се практикуваат дискусии, изучување на практични случаи, студии на случај, изработка на групни и индивидуални домашни и проектни задачи. Практичната работа ќе се реализира со вежби поврзани со методските единици, на конвенционален начин и со користење на MS Excel и други софтверски пакети за компјутерска поддршка на решавање на поставените задачи. План за фарма: За поттикнување на лидерските и организациските способности, секој студент ќе изработи производно-финансиски план за фарма во дигитална форма, како можност да применува техники и методи за управување и планирање. Во рамки на предметот, ќе се посвети внимание на обработката на податоци и презентирањето на резултати, самостојно и поединечно решавање на актуелни проблеми од областа на менаџментот на фарми.		
15.	Вкупен расположив фонд на време	6 ЕКТС x 30 часови = 180 часови		
16.	Форми на наставните активности	16.1.	Предавања- теоретска настава. часови	45
		16.2.	Вежби (лабораториски, аудиториски), семинари, тимска работа: часови	30
		16.3.	Пракса: часови	15
17.	Други форми на активности	17.1.	Проектни задачи: часови	20
		17.2.	Самостојни задачи: часови	20
		17.3.	Домашно учење - задачи	50
18	Услови за потпис	Присуство на предавања и вежби и остварени		
19	Начин на оценување			
	19.1.	Тестови: бодови		60
	19.2.	Семинарска работа/проект, презентација писмена и усна: бодови		20
	19.3.	Завршен испит: бодови		20
20	Критериуми за оценување (бодови/ оценка)	до 50 бода		5 (пет) (F)
		51 x до 60 бода		6 (шест) (E)
		61 x до 70 бода		7 (седум) (D)
		од 71 до 80 бода		8 (осум) (C)
		од 81 до 90 бода		9 (девет) (B)
		од 91 до 100 бода		10 (десет) (A)
21.	Метод на следење на квалитетот на наставата	Анонимна анкета на студентите.		

22. Литература

22.1. Задолжителна литература

Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
1.	Olson, K., Westra, J.	The Economics of Farm Management A Global Perspective (2nd Edition)	Routledge	2022
	Kay, R., Edwards, W., Duffy, P.	Farm management (9th Edition)	McGraw Hill	2020
2.	Olson, K.	Farm management, Principles and Strategies	Wiley-Blackwell	2014
3.	Пешевски, М.	Менаџмент на фарми (авторизирани предавања)	Факултет за земјоделски науки и храна - Скопје	2019
4.	Миланов, М., Мартиновска Стојческа, А.	Трошоци и калкулации во земјоделството	Земјоделски факултет, Скопје	2002

22.2. Дополнителна литература

Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
1.	Stephenson, G.	Whole Farm Management: From Start Up to Sustainability	Storey Publishing	2019

		2.	Billikopf, G. E.	Labor Management in Agriculture: : Cultivating Personnel Productivity	University of California	2014
		3.	Martin, D., Fery, M.	Growing Farms: Successful Whole Farm Management Planning Book	Oregon State University	2011
		4.	Пешевски, М., Анакиев, Б.	Организација на поледелското производство - практикум.	Земјоделски факултет, Скопје	1995
		5.	Интернет пребарувања	Современа литература и резултати од истражувања и примена на дигитални технологии во менаџмент на фарми	Интернет пребарувања	